# ПРОГРАМА
## за Купот на Македонија во дисциплина Пливка за 2025 година

Регистрација, пријавување, уплата на котизација и комплетирање на документите за екипите и натпреварувачите е **заклучно со 07.04.2025 (понеделник).**

Почитувани,

Согласно усвоениот Календар и Пропозициите за натпревари за 2025 година, **Купот на Македонија во дисциплината Пливка за сениори и жени** (екипно), ќе се одржи на 13.04.2025 (недела) на Тиквешко Езеро, месноста наречена Модри Стени.

Организатор на натпреварот е Македонската Риболовна Федерација и Натпреварувачката комисија – Пливка.

Пријавување на екипите е заклучно со 07.04.2025 (понеделник) до 14 часот.

Здруженијата и клубовите можат да учествуваат со повеќе од една екипа.

Екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи и еден капитен на екипата Членовите на екипите, за утврдување на идентитетот, задолжително треба да поседуваат Спортска легитимација за 2025 година.

**За натпреварите: Куп на Македонија, Првата лига и Супер лигата во 2025 година, ќе важат најновите Правила на FIPS-ed објавени во јануари 2023 година.** Правилникот за натпревари и судење во дисциплината Пливка според FIPS-ed (01/2023), е објавен на страната на МРФ во одделот Правилници.

Во сениорска конкуренција, нема ограничување на техниката на ловење. Единствено ограничување е што риболовната трска не смее да биде пократка од 3,90 метри. Дозволени се сите видови риби, освен сончарката која нема да се бодува. Максимална должина за ловење со штек е 13 метри (мерено од судиите).

На патеката се активни следните видови риби: црвеноперка, белвица, караш, крап, костреж, américko сомче, клен, попадика и др

Предвиден е официјален тренинг во сабота 12.04.2025 година. **Право на тренинг имаат само натпреварувачите-учесници на Купот на Македонија. За време на тренингот, најстрого се забранува користење на чуварка за задржување на рибата. Целата уловена риба мора да се врати назад во вода.**

**Програма и саатница:**

**Сабота 12.04.2025**
Од 08:00 Официјален тренинг
16:00 Крај на тренингот

**Недела 13.04.2025**
до 07:30 Пристигнување и пријавување

07:30 Извлекување на редослед и стартните места
07:50 Отворање на Купот на Македонија
08:00 Пристап на стартните места
09:50 Почеток на тешка прихрана
10:00 Почеток на ловење риби
13:55 Пет минути до крајот на натпреварот
14:00 Крај на натпреварот

до 15:00 Објавување на резултатите

На сите учесници ви посакуваме БИСТРО!

**Натпреварувачка комисија - Пливка**
**Претседател,**
**Зоран Кожухаров**